# ГЕВГЕЛИСКИ МАГАЗИН

ГЕВГЕЛИЈА

Декември, 2024 - Број 106




## Среќни новогодишни и божиќни празници!

# СОДРЖИНА


Стр. 3
**Тема**



Стр. 4-7
**Актуелно**



Стр. 8-9
**Јубилеј**



Стр. 10-11
**Личности 2024**



Стр. 12-15
**Хроника**



Стр. 16-17
**Настани 2024**



Стр. 18-19
**Култура**



Стр. 20-21
**Млади**



Стр. 22-23
**Настани 2024**



Стр. 24-25
**Спорт**



Стр. 26-27
**Мозаик**




## Гевгелија во новогодишно руво

Новогодишната приказна пристигна и во Гевгелија. Градскиот плоштад и центарот на Гевгелија се во вистинско новогодишно руво. За новогодишниот амбиент придонесоа и бројните учесници, деца и млади луѓе, на Новогодишниот Базар. Заедничкиот Новогодишен дочек на Градскиот плоштад и овој пат беше круна на свеченото одбележување на новогодишните и ножикните празници. Среќно!



# ГЕВГЕЛИЈА ПРОДОЛЖУВА ДА СЕ РАЗВИВА КАКО МОДЕРНА И УРБАНА ОПШТИНА

Почитувани,

Со гордост и благодарност за дадената доверба пред три години, сакам да ги споделам реализираните активности и проекти со коишто Гевгелија се развива како урбана и модерна општина. За остварување на ваквата заедничка цел, приоритетно за мене беше да ги реализирам ветените програмски активности, но, во исто време, да ги слушнам и потребите на граѓаните. По преземањето на функцијата Градоначалник, започнавме и го реализиравме за  две години големиот Проект за одведување на атмосферските води - изградена е атмосферска канализација на една третина од подрачјето на градот. Изминатите три години, беа изградени повеќе улици и помали улични краци и реконструирана уличната мрежа, на површина од 80.000 $м^2$. Со изградбата на сервисната улица во прва фаза, како и новопланираната сообраќајница во втора фаза, Гевгелија доби ново поврзување со автопатот Е-75 и граничниот премин „Богородица". Во тек е завршната фаза од изградбата на патниот правец „Свети Климент", познат како Западен булевар, по целосно изградената подземната инфраструктура и водоводната линија. За мене како Градоначалник, реализацијата на оваа обиколница, којашто ќе биде пуштена во употреба во 2025 година, е од приоритетно значење за Гевгелија.

Во урбаната населба, кај поранешна Касарна, изграден е нов водоснабдителен систем и нова фекална канализациона мрежа. Во централното градско подрачје во Гевгелија, изградена е нова проширена канализациона линија, а изградени се и три нови водоснабдителни системи во населените места Негорци, Прдејци и Богородица, во должина од 8000 метри. Во станбената населба во Урбан блок 4.4 во Гевгелија, каде живеат околу 2.500 жители, извршено е пробивање и тампонирање на сите новопланирани улици, а, во 2025 година, ќе бидат изградени нови линии за фекална и атмосферска канализација, како и нов водоснабдителен систем.

За подобрување на животната средина, во Гевгелија беше изграден е модерен урбан парк, на површина од 6.000 $м^2$, а за прв пат, Гевгелија доби и инклузивен парк, што го користат децата и лицата со попреченост. Наскоро, ќе биде пуштен во употреба и новиот спортско-рекреативен центар кај локалитетот „Топлик". Пред две години беше пуштена во употреба новата времена депонија кај Ново Конско, по затворањето на старата депонија кај Сува Река, којашто е уредена во зелена површина. Успешно започна и се спроведува Проектот за селектирање на комуналниот отпад во Гевгелија и во населените места, за којашто цел се набавени и распоредени над 3.000 канти и контејнери. Во овие три години спроведовме еколошки акции за чистење на речните корита, дивите депонии, а организиравме и масовни акции за пошумување.

За подобрување на енергетската ефикасност, изминатите три години, беа изградени 4 фотоволтаични централи: на водоснабдителниот систем во Гевгелија, на прочистителната станица кај Сува Река, на објектите на ООУ „Владо Кантарџиев" и на Детската градинка „Детска радост" во Гевгелија. Во Гевгелија и во населените места,




изградени  се 12 нови спортски игралишта, но и  6 нови детски игралишта во: Горничет, Кованец, Прдејци, Мрзенци, Негорци и Богородица. Во спортскиот комплекс „Касарна" во Гевгелија, забрзано се гради новата атлетска патека според најсовремените стандарди.

Во завршна фаза е доградбата на Детската градинка „Сончогледи", по што ќе пристапиме со внатрешно опремување и уредување, за обезбедување на услови за згрижување на 135 деца. Во областа на образованието, направени се сериозни чекори за подобрување на условите за учење на децата. Реконструирани се училници, тоалети, набавени се смарт табли, компјутери и телевизори, а во некои училишта извршена е адаптација и уредување на повеќе простории во сензорни соби за деца со попреченост. Обезбедивме и бесплатни оброци за учениците во основните училишта од социјално-загрозените фамилии, како и стипендирање на младите студенти. Изминатите три години, како Градоначалник, се заложив и за реконструкција на младинските домови во Прдејци, Богородица и Моин. За обезбедување нормални услови за пазарење на жителите од Миравци, годинава беше изграден нов пазар.

Во 2025 година, можам да кажам дека, со поддршка на Владата на Република Македонија, продолжуваме со истото темпо на реализација на капитални проекти, коишто значително ќе ја променат сликата во Гевгелија. Во годината кога славиме 80 години слободна Гевгелија, а по тригодишното работење како Градоначалник на општина Гевгелија, сакам да порачам дека и понатаму несебично посветено ќе работам Гевгелија да се развива како модерна и урбана општина.

Андон Сарамандов
Градоначалник
на општина Гевгелија

**УТВРДЕНА БУЏЕТСКАТА РАМКА НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ВО 2025 ГОДИНА**

# ПРИОРИТЕТНА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ



Буџетот на Општина Гевгелија во 2025 година ќе тежи 741.302.538 денари, додека Основниот буџет на општина Гевгелија за 2025 изнесува 363.632.321 денари. Ваквата буџетска рамка беше донесена на последната годинашна седница на Советот на општина Гевгелија, а по јавната расправа во која се вклучија граѓаните, месните заедници и граѓанските организации. Токму и затоа, градоначалникот на Општина Гевгелија, Андон Сарамандов, при донесувањето на Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година, упати благодарност до секој граѓанин, кој даде придонес во креирањето на Буџетот за 2025 година.

- Во Основниот буџет за идната година, кој е зголемен во споредба со минатите години, влегуваат грантовите добиени од Министествата и Владата на РМ. Споредено со претходните години, во однос на расходната страна, за идната година се предвидени плус 6.000.000 денари за изборни активности, зголемен е и делот за исплата на кредитите, бидејќи започнува исплатата на комерцијалниот кредит за изградбата на Западниот булевар. Но, зголемување имаме и кај капиталните расходи, односно 41% или околу 142.000.000, како резултат на средствата добиени од Владата. Тука спаѓаат поголем дел од проектите што ќе се реализираат во 2025 година, дел со сопствени средства, грантови и кофинансирање или со нови средства од новиот повик од Владата, истакна градоначалникот на Општина Гевгелија. Притоа, нагласи дека приоритетна ќе биде реализацијата на капиталните проекти.

- Значи, во 2025 година предвидено е завршувања и пуштање во сообраќај на заобиколницата - продолжувањето на Западниот булевар, предавање во употреба на доградбата на Детската градинка „Сончогледи“ во Гевгелија и на спортската сала на ДТВ „Партизан“, како и на Атлетската патека во СРЦ„Касарна“. Во Урбан блок 4.4 во Гевгелија ќе се изгради водовод и канализација со доделениот грант, а со сопствени средства ќе бидат асфалтирани улиците Идната година започнува реставрацијата и реконструкцијата на Старата чаршија, изградбата на брзодинамичен кружен тек со изградба на мост и дислокација на каналот „Рауљ“ на влезот од градот, како и реконструкција на натпатникот над железничката пруга со нови коловозни ленти, тротоари и ограда. Во 2025 година ќе започне и реконструкцијата на главната гевгелиска улица „Маршал Тито“ со зачувување на автентичноста, а предвидена е изградба на новопланираната улица во УБ 5 - „Касарна“, асфалтитрање на улицата „Ѓоко Тутушев“ и реконструкција на улицата „Браќа Миладинови, но и реконструкција на главната улица и партерно уредување на центарот во Богородица, партерно уредување на центарот на Моин, реконструкција на влезната улица во Прдејци, на улици и краци во Миравци, Мрзенци, Ума, Смоквица, Конско и Смрдлива вода. За подобрување на комуналната инфраструктура ќе биде изградена атмосферска канализација на улицата „Гоце Делчев“ и во Милетково.

По барање на граѓаните, значително ќе бидат зголемени и уредени зелените површини со изградба на нов парк „Железничка“ и ново детско катче во Гевгелија, како и нови паркови во Миравци и Негорци, партерно уредување и нова опрема кај улиците „Илинденска“, „Коле Неделковски“ и комплексот „Сава Михајлов“. Исто рака, претстои и целосна реконструкција на старото и историски значајно училиште во Серменин. Идната година продолжува акцијата за проширување и обнова на спортската инфраструктура со реконструкција на спортското игралиште „Елена Костадинова“ во населбата Серменинска, нов спортски терен во дворот на СОУ„Јосиф Јосифовски“, модерна подлога во спортската сала на ОО“„Владо Кантарџиев“, на фудбалското и кошаркарското игралиште во Миравци, нов спортски терен во училишниот двор во Мрзенци и нови детски игралишта во Кованец и во Смоквица.

Општина Гевгелија продолжува со поттикнување и финансиска поддршка на активностите на младите, подобрување на квалитетот на социјалните услуги, културните и спортските проекти и манифестации, активностифе на месните заедници, невладините организации и здруженија на граѓани. Така, во Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година се предвидени средства за бесплатен оброк за ученици од социјално-ранливите категории, собвенции за набавка на велосипеди, стипендирање на суденти на медицина, бесплатни логопедски третман и на курсеви за тапани, гитара, ликовна и драмска секција. Утврдената буџетска рамка овозможува Општина Гевгелија и во идната година да продолжи со исто темпо на реализација за да биде урбана, модерна и општина со висок степен на развој, вели градоначалникот на Општина Гевгелија, Андон Сарамандов.

# ДОНЕСЕН ИНТЕГРАЛНИОТ РАЗВОЕН ПЛАН НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА 2024-2027 ГРАЃАНИТЕ ГО КРЕИРАА СВОЈОТ РАЗВОЈ

Советот на Општина Гевгелија го донесе Интегрира-ниот локален развоен план (ИЛРП) на Општина Гевгелија 2024-2027. Овој значаен документ го креираше локал-ната самоуправа во соработка со граѓанскиот центар во рамките на програмата на УНДП „Зајакнување на општинските совети“. Општина Гевгелија е една од повеќето општини во земјата, во којашто се спроведува Проектот, чијашто цел е да помогне во унапредување на капацитетите на партнерските општини за одржлив локален развој, преку спроведување на процесот за подготовка на Интегриран локален развоен план (ИЛРП). Програмата „Зајакнување на општинските совети“ ја финансира Швајцарската влада и Министерство за локална самоуправа, а ја кофинансира и спроведува УНДП МК, во соработка со национални и локални партнери.

Во изминатите месеци, Општина Гевгелија, преку својот Локален развоен тим (ЛРТ), предводен од прет-ставници на сите општински сектори, заедно со граѓаните, јавниот и приватниот сектор, работеше на првиот ИЛРП. Преку Методологијата во рамките на Проектот, беа идентификувани областите за понатамошен развој на општината, зачувувајќи го притоа зелениот карактер на Општината. Фокус беше ставен на вклучување на младите, преку Локалниот младински совет на Општина Гевгелија и младинските организации, како и жените во обезбедување еднакви можности. Самиот ИЛРП претставува компилација од повеќе планови, во повеќе области за кои граѓаните сметаат дека се од интерес за еден сеопфатен развој.

- За првпат, во еден стратешки документ се предвидуваат повеќе развојни програми, кои се дефинирани во временска рамка и финансиски план. На овој начин, граѓаните ќе бидат тие кои ќе може да го следат реализирањето на стратешките насоки, преку конкретни




програми и мерки. Преку овој процес, и со овој иновативен документ, Општина Гевгелија продолжува со транспарентен и партиципативен начин на вклучување на граѓаните во креирањето на сопствениот развој, истакна градоначалникот на Општина Гевгелија, Андон Сарамандов.

# ОБЕЗБЕДЕНИ СРЕДСТВА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СТАРАТА ЧАРШИЈА И НАДПАТНИКОТ ВО ГЕВГЕЛИЈА

Во Општина Гевгелија, ќе се реализираат три капитални проекти „Реконструкција со реставрација на Старата чаршија во Гевгелија“, „Изградба на нов партер со замена на сите подземни инсталации во рамки на Старата чаршија во Гевгелија“ и „Целосна реконструкција на надпатник на влезот во Гевгелија“ со средства од Владата на РМ. Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, во Владата на Република Македонија, ги потпиша договорите за реализација на трите одобрени проекти, за чија реализација, Општина Гевгелија доби 949.608 евра. Според градоначалникот Сарамандов, овие капитални проекти се од големо значење за Гевгелија. Притоа, упати благодарност до премиерот Христијан Мицковски и до сите министри, кои се дел од Проектот за поддршка на општините, ценејќи ја одлуката за давање можност на локалните самоуправи сами да ги утврдуваат приоритетите и да реализираат проекти од важност на граѓаните.

Со одобрените средства целосно ќе биде реконструирана и реставрирана Старата чаршија во центарот на Гевгелија. Истовремено, ќе бидат обновени и заменети сите подземни инсталации во Стара Чаршија, а ќе биде изграден и поставен нов партер. Со тоа, всушност, оваа гевгелиска знаменитост ќе го поврати стариот сјај и



ќе претставува нова и интересна туристичка содржина на градот. Покрај ова, со одобрените средства од Владата на РМ ќе биде извршена целосна реконструкција на надпатникот на влезот во Гевгелија, со што значително ќе биде подобрена сообраќајната фрекфенција и безбедност на оваа влезна сообраќајница во градот.

# ПОДОБРУВАЊЕ НА КОМУНАЛНИТЕ УСЛОВИ ВО УБ 4.4 ГЕВГЕЛИЈА

Станбените населби во близина на Детската градинка „Сончогледи“ во Гевгелија, ќе добијат целосно нова комунална инфраструктура. Овој капитален, инфраструктурен проект ќе придонесе за подобрување на комуналните услови во УБ 4.4. Со Проектот е предвидена изградба на нов водоснабдителен систем, фекална и атмосферска канализација, со што целосно се задоволуваат потребите на жителите во овој дел од градот. За таа цел, се обезбедени средства од Европската инвестициона банка преку Министерството за животна средина и просторно планирање, а тендерската постапка веќе е завршена.

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, по информативната средба со претседателот на Владата, Христијан Мицковски и министерот за животна средина и просторно планирање, Изет Меџити, го изрази своето задоволство, што токму Општина Гевгелија го склучи прва договорот за реализација. Имено, Општина Гевгелија е прва Општина на којашто ѝ е одобрен Проектот и го склучи договорот за негова реализација. За успешната реализација на овој Проект, најпрво, беше подготвена техничка документација, со којашто Општина Гевгелија аплицираше на Повикот на Министерството за животна средина. Со поддршката од Владата на РМ и Министерството за животна средина и просторно планирање во УБ 4.4 во Гевгелија ќе биде изградена целосна нова подземна инфраструктура.



**Советничка хроника**

# УСВОЕН КВАРТАЛНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ

Советот на Општина Гевгелија, на својата 51. седница, го усвои Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија, за периодот 01.01. – 30.09.2024 година. Од вкупно проектираниот Буџет на Општина Гевгелија за 2024 година, во висина од 675.338.817 денари, реализирани се приходи во висина од 457.139.760 денари или 67,69%, од коишто 20.406.953 денари капитални приходи, а 436.732.807 денари оперативни приходи. Од планираните приходи во Основниот буџет во висина од 342.346.441 денар, во периодот од 01.01. – 30.09. 2024 година, реализирани се 68,65%, односно 206.655.759 денари. Вкупните расходи во Кварталниот извештај учествуваат со 439.269.603 денари, од коишто 73.916.593 денари или 16,83% се капитални расходи, а 365.353.010 денари се тековно оперативни расходи. Во структурата на реализираните расходи на Основниот буџет во висина од 206.655.759 денари, капиталните расходи учествуваат со средства во висина од 64.634.567 денари или 31,28%.



# СТИПЕНДИРАЊЕ НА 21 СТУДЕНТ

Совет на Општина Гевгелија донесе одлука и годинава Општина Гевгелија да додели уште 5 стипендии на студенти од општина Гевгелија, запишани во прва година на Медицинските факултети во државата - отсек Општа медицина. За таа цел, беше распишан Јавен конкурс, а доставените пријави ќе се разгледуваат согласно Правилник за услови, критериуми и правила за доделување на стипендиите. Висината на стипендиите изнесува 6.000 денари месечно, за 10 месеци во академската година.

Средствата за стипендиите се обезбедени од Буџетот на Општина Гевгелија, а ќе се исплаќаат врз основа на склучен договор за стипендија. Изминативе години, Општина Гевгелија стипендира 21 студент од Општината, од кои 16 се запишани на Факултетите за медицина, 3 на Факултетите за електротехника и информатичка технологија, а 2 на Машинските факултети.



# 38,5 МИЛИОНИ ДЕНАРИ ШТЕТИ ОД ЈУЛСКОТО НЕВРЕМЕ



Дождот и градот што на 2 јули 2024 година ги зафати Гевгелија, Милетково, Мираваци, Габрово и Петрово предизвика штети на 69.5544 хектари со различни земјоделски култури, проценета на 38.544.970 денари. Според Елаборатот за проценка на штетите, што го изготви Општинската комисија за процена и утврдување на штети од елементарни непогоди, а што го усвои Советот на Општина Гевгелија, штети од јулското невреме пријавиле 84 физички и правни лица, од кои 84 индивидуални земјоделци и 4 правни лица. Оштетувањата се движат од 30 до 100%, а најголеми штети се предизвикани на лозовите насади. По усвојувањето, Елаборатот е доставен до Републичката комисија за процена и утврдување на штети од елементарни непогоди,  како и до Владата на РМ и до Министерствата за финансии и за земјоделство, шумарство и водостопанство.



## ПОМОШ ЗА НАСТРАДАНИТЕ ВО ЈАБЛАНИЦА

Општина Гевгелија издвои 1.230.000 денари за помош на настраданото население од збратимената Општина Јабланица, што на почетокот од октомври ја зафати досега невидена елементарна катастрофа. Советот на Општина Гевгелија, на својата вонредна седница, по предлог на градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, донесе Одлука од Буџетот на Општина Гевгелија да се издвојат 20.000 евра. Советниците со едноминутно молчење изразија сочувство и оддадоа почит на жртвите од оваа  катаклизма што ја зафати Општина Јабланица и неколку други соседни општини во Босна и Херцеговина.

# ПОМОШ ЗА ЛЕКУВАЊЕ НА МАЛАТА МИХАЕЛА

Советот на Општина Гевгелија одобри финансиска помош за лекување на двегодишната Михаела Митровска од Милетково. Советниците едногласно одлучија од Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година да бидат издвоени 300.000 денари наменети за лекување на малата Михаела во Љубљана, Словенија. На Михаела Митровска ѝ е дијагностициран Енцефалитис- акутно воспаление на мозокот, коешто предизвикува тешко нарушување на нејзиниот нормален развој. По неколкуте лекувања,  Михаела треба да да замине во Универзитетскиот рехабилитациски институт „Соча“ во Љубљана на дополнително лекување.



**Протокол**

# СРЕДБА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ САРАМАНДОВ СО ДЕЈВИД МАЈЕРС

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, оствари работна средба со шефот на Секторот за економски и политички прашања во Американската амбасада во Скопје, г-дин Дејвид Мајерс. Сарамандов го истакна задоволството што Мајерс по првпат доаѓа во Гевгелија и што на средбата имаше можност да го запознае со активностите на локалната самоуправа. На средбата стана збор за предизвиците со коишто се соочува локалната самоуправа и за проектите што се приоритетни за реализација за подобрување на условите за живот на граѓаните. Притоа, потенцираше дека Гевгелија има одлична местоположба и поволни услови за инвестирање. Сарамандов ја изрази својата



желба за натамошна соработка помеѓу локалната самоуправа и Американската амбасада во Скопје.

80 ГОДИНИ СЛОБОДНА ГЕВГЕЛИЈА

# ОДРЖАНА СВЕЧЕНА СЕДНИЦА ЗА 7 НОЕМВРИ

По повод 80-годишниот јубилеј од ослободувањето на Гевгелија, на 7 ноември 2024 година, се одржа Свечена седница на Советот на Општина Гевгелија. Во Народниот театар во Гевгелија, покрај членовите на Советот, се собраа бројни гости од земјата и од странство. На свечената седница присуствуваа: претставници на Здружението на борците од НОВ и нивните следбеници, пратениците во Собранието на Македонија, сегашни и поранешни функционери во Општина Гевгелија, делегации од збратимените и пријателски општини, како и претставници на: други општини, државни и локални институции и установи, културниот и јавниот живот и бизнис-заедницата.

Свечената седница ја отвори претседателот на Советот на Општина Гевгелија, д-р Патрик Матх, честитајќи им го на присутните и граѓаните на Општина Гевгелија - Денот на ослободувањето на Гевгелија - 7 Ноември. Притоа, нагласи дека со оваа седница се одбележува и големиот јубилеј - 80-годишнината од ослободувањето на Гевгелија од фашистичката окупација. Матх истовремено им оддаде почит на сите сограѓани, кои се бореле и своите животи ги положиле за оваа слобода.

На свечената седница, по видеопрезентацијата на проектите и настаните коишто ја одбележаа 2024 година помеѓу двете празнувања, се обрати градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов.

- Во оваа прилика, сакам да ја изразам мојата благодарност и длабока почит кон борците кои се заслужни за слободата на нашата Гевгелија. Нивната љубов кон татковината овозможи денес да зборуваме за урбана, развиена и модерна Гевгелија. Благодарност и до сите мои сограѓани, кои низ годините на каков било начин придонесоа за развојот на нашиот град. Наша обврска и одговорност е да продолжиме по тој пат, со работа и труд да ја развиваме нашата Гевгелија. Водејќи се од она што е потреба на денешното урбано живеење, а истовремено водејќи се од принципот на исполнителност, секојдневно настојувавме за подобрување на условите за живот во градот и населените места. Следејќи ги светските трендови и потреби, водиме грижа за секој сегмент од општественото живеење - истакна Сарамандов.





- По надминувањето на предизвиците создадени на глобално и светско ниво, а што се одразија на нормалното работење и функционирање на локалната самоуправа, Општина Гевгелија во 2024 година ги пребroди тие препреки и со силно темпо продолжи да чекори по патот за создавање модерна и развиена општина. Минатата година, локалната самоуправа транспарентно даде отчет за сработеното за период од 2 години, а годинава продолживме со реализирањето на значајни проекти на барање на нашите сограѓани. Во 2024 година, приоритет за мене како Градоначалник беше реализацијата на повеќе капитални проекти на целото подрачје на општина Гевгелија. Реализирани се повеќе проекти од областа на патната и подземната инфраструктура, животната средина, нови спортски игралишта, нови детски катчиња, нова урбана опрема во градот, нов пазар во Миравци, беше реконструиран Младинскиот дом во Моин, а беа реализирани и други проекти - рече Градоначалникот на општина Гевгелија.

- Продолжуваме со исто темпо на реализација на капитални проекти и во 2025 година - претстои целосна реализација на патниот правец - продолжување на Западниот булевар, којшто проект за мене е од врвен приоритет. Во 2025, целосно ќе бидат реализирани и Реконструкцијата на Спортската сала на ДТВ „Партизан“ и доградбата на Детската градинка „Сончогледи“, а наскоро во употреба ќе биде пуштен новиот рекреативен парк „Топлик“. Гевгелија во изминатите 3 години се брендира како град со значајни културни, спортски и општествени настани, што придонесуваат за правилен развој на младите, но и за привлекување туристи во нашиот град. Истовремено, како локална самоуправа, се заложивме за обезбедување услови и овозможување нови инвестициони вложувања. Гевгелија наскоро ќе добие 2 големи шопинг-центри, едниот на влезот во градот на градбена површина од 19.000 $м^2$, а вториот кај граничниот премин „Богородица“ на површина од 7000 $м^2$. Овие две инвестиции ќе проектираат над 500 нови вработувања, а нивната работа ќе привлече зголемен број посетители и транзитни туристи во нашиот град - рече во своето обраќање градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, нагласувајќи: „Посакувам и ќе дадам сè од себе Гевгелија да се развива како убаво и урбано место за живеење“.

# УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА



На одбележувањето на Општинскиот празник - 7 Ноември, во Гевгелија присуствуваа повеќе гости од збратимените и пријателските општини. На заедничкото чествување на празникот присуствуваа градоначалници, претседатели и членови на Советите на Општините: Сежана-Словенија, Јабланица- БиХ, Севлиево-Бугарија и Гвозд и Копривнички Ивањец- Хрватска. Исто така, за празникот во Гевгелија пристигнаа и гости од Поликастро, соседна Грција, претставници на Општина Пеонија.

Традиционално, градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, организираше прием за гостите од збратимените и пријателските општини, на којшто, најпрво, изрази сочувство и жалење поради загубените човечки животи при последната поплава на Јабланица. На средбата се разговараше и за можностите за унапредување на соработката меѓу збратимените општини, размена на искуства и заедничко аплицирање пред европските фондови. Во знак на долгодишната и успешна соработка, беа разменети пригодни подароци помеѓу претставниците на збратимените општини и Градоначалникот на општина Гевгелија.

# ПОЧИТ КОН ПАДНАТИТЕ БОРЦИ



Во знак на почит и сеќавање на патнадите борци во НОВ, по повод Денот на ослободувањето на Гевгелија - 7 Ноември, беше положено цвеќе на спомен-обележјата во градот. Првите луѓе на Општина Гевгелија, претставници на Здружението на борците од НОВ- Гевгелија и нивните следбеници, локални и државни функционери, претставници на политичките партии и на граѓанските организации, како и делегации на збратимените и пријателски општини од Бугарија, Словенија, Хрватска и Грција, им оддадоа почит на предците и нивната борба за слободна Гевгелија.

На присутните, пред Спомен-Костурницата, им се обрати Ангел Алчинов од Општинското здружение на СЗБ од НОВ и нивните продолжувачи потсетувајќи дека на 6 ноември 1944 борците на Вториот гевгелиски партизански одред, во параден строј, влегоа во Гевгелија минувајќи низ главната улица. Граѓаните на Гевгелија воодушевено ги поздравија и ги дочекаа борците, радувајќи ѝ се на слободата.

- За слободата на Гевгелија, беа положени 74 животи во борбата со фашистичкиот окупатор, од кои 13 потекнуваа од самиот град Гевгелија. Како денеска, така и понатаму на овој ден ќе продолжиме да им се поклонуваме, а на младите им оставаме аманет да не го заборавaат светлиот историски датум на нашиот град- рече Алчинов.

# УЧИЛИШНО ДЕФИЛЕ



На Денот на ослободувањето на родниот град, голем број ученици со своите наставници од основните училишта на подрачјето на општина Гевгелија продефилираа низ главната гевгелиска улица. Со виорење на македонското знаме и грбот на Општина Гевгелија, со песни за својот град и таковина, тие минаа по шеталиштето упатувајќи се кон платото пред Народниот театар. Овде, со пригодна програма и поетски творби посветени на родниот град, учениците од гевгелиските училишта достоинствено и оддадоа почит на слободна Гевгелија. Училишното дефиле не само што ја збогати прославата на големиот јубилеј туку и покажа дека најмладите му се радуваат на празникот и искрено му посакуваат подобро утре на својот град.

## Добитници на Наградата „7 Ноември“ на Општина Гевгелија



На свечената седница на Советот на Општина Гевгелија, беа врачении годинашните Седмоноемвриски награди на луѓето, кои во изминативе пет години придонеле за афирмација на Општина Гевгелија. Имено, највисокото општинско признание се доделува на секоја петта година, во вид на златни и сребрени плакети. Наградата „7 Ноември“ за животно дело, во вид на Златна плакета му беше доделена на д-р Савко Паноров. Златни плакети им беа доделени на Никола Гелебешев, (постхумно), на Глигор Гелебешев и на д-р Сашко Олумчев. Додека, Сребрени плакети на Илија Атанасов, Димитар Димитровски-Моте и Тони Аврамов.

### д-р САВЕ ПАНОРОВ, Златна плакета за животно дело

# ЖИВОТОТ ВО СЛУЖБА НА ХУМАНОСТА

Седмоноемвриската награда за животно дело во вид на Златна плакета, годинава, му е доделена на д-р Саве Паноров. Највисокото општинско признание на д-р Паноров му е доделено за особено значајни постигнувања од областа на здраствената заштита. Посебно за развојот на општата и лапараскопската хирургија во општина Гевгелија, регионот и пошироко. Пред сè, за воведување современи методи на лекување, како и заради бројни награди и признанија добиени за своето несебично залагање за постојано усовршување на хирургијата, без предрасуди и апсолутно почитувајќи го човечкиот живот.

Со Хипократова заклетва свечено, слободно и повикувајќи се на својата чест, д-р Саве Паноров се обврзал својот живот да го стави во служба на хума-носта. Својата професија совесно и достоинствено ја извршуваше четириесет години во Општата болница во Гевгелија. Под негово раководство, Одделот за хирургија во Гевгелија стана препознатлива респектабилна хирушка служба во Македонија, со над 600 операции годишно, на пациенти од целиот регион вклучително со Кавадарци, Неготино, Демир Капија и пошироко.

Д-р Саве Паноров кај младите колеги го внесе духот на меѓусебна почит, согласно Хипократовата заклетва, со тенденција на постојано усовршување и пратење на современи методи во хирургијата. Има присуствувано на бројни хируршки секции, хируршки конгреси во Македонија и странство, Европскиот хируршки конгрес во Истанбул, Првиот хируршки конгрес на херниоплози во Србија, како и на двата Европски конгреси за колоректална хирургија. Покрај бројните здравствени признанија, д-р Паноров е добитник и на наградата „7 Ноември“ во вид на Златна плакета, во 2014 година.



### Д-р САШКО ОЛУМЧЕВ, лекар специјалист епидемиолог

Д-р Сашко Олумчев, епидемилог и раководител на Центарот за јавно здравје- ПЕ Гевгелија, Седмоноемвриската награда во вид на Златна плакета му е доделена за придонесот во справување со Корона виросот. Уште повеќе, за постојаната едука-ција на граѓаните и превентивна активност за опасноста и сериозноста на вирусот. Тој, како епидемиолог и здравствен работник, е добар пример за улогата и важноста на здравствените работници во услови на светска пандемија. Активно учествуваше и придонесуваше во работата на Општинскиот кризен штаб, а како професионалец и епидемиолог имаше несебично залагање во сузбивањето на заразните болести, како и значаен придонес за време на мигрантската криза што ја зафати Гевгелија.



## НИКОЛА ГЕЛЕБЕШЕВ, спортист (постхумно)




На Никола Гелебешев, Седмоноемвриската награда, во вид на Златна плакета, му е доделена постхумно, за значајни постигнувања од областа на споротот. Гелебешев е најпознато фудбалско име и голмански репрезент на Гевгелиската фудбалска школа. Долгогодишен фудбалер кој стоеше меѓу стативите на три фудбалски клуба „Кожув" од Гевгелија, МИК (сегашно Скопје) и Работнички. Значаен е неговиот придонес за влегувањето на ФК „Кожув" во Првата македонска лига. Познат е и како тренер на Фудбалската академија во Гевгелија, а над 10 години своето искуство го пренесуваше на младите создавајќи млади вљубеници во фудбалот. Од неодамна, во негова чест, во Гевгелија се одржува Меморијалниот турнир во мал фудбал.

## ГЛИГОР ГЕЛЕБЕШЕВ, професор и пијанист



На Глигор Гелебешев, м-р по музичка уметност, врвен соло-пијанист и камерен музичар, му се додели Седмоноемвриската награда во вид на Златна плакета за афирмација на Општина Гевгелија на полето на Музичко образование и воспитание. Со организацијата на традиционалниот Меѓународен натпревар на млади пијанисти во Гевгелија, Гелебешев ја врои Општина Гевгелија меѓу ретките градови во државата како домаќин на младите и талентирани пијанисти од земјава и регионот. Во триесетгодишна професорска кариера, бележи голем број успеси со своите ученици на домашни и меѓународни натпревари. Со своите солистички пијано настапи или дуо концерти, Гелебешев е редовен гостин во Гевгелија и го збогатува развојот на музичката култура.

## ИЛИЈА АТАНАСОВ, професор и диригент

На Илија Атанасов од Гевгелија, м-р по музичка уметност и диригент на Градскиот хор „Гортинија"- Гевгелија, му е доделена Седмоноемвриската награда во вид на Сребрена плакета за активно придонесување во развојот на хорското пеење. Негова заслуга, како диригент, е што Градскиот хор „Гортинија" прерасна во значајна и препознатлива музичка институција на овие простори и пошироко. За тоа несомнено зборуваат голем број награди и признанија на домашните и странските хорски фестивали. Атанасов, е успешен музички педагог, кој работи и со хорот при СОУ „Јосиф Јосифовски" во Гевгелија и диригент е на Градскиот детски хор „Божилак", всадувајќи им ја љубовта на децата уште од мали нозе кон хорското пеење и музика.

## ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ - МОТЕ, спортски активист



Димитар Димитровски - Моте е добитник на Седмоноемврискатa награда во вид на Сребрена плакета за неговиот значаен придонес во афирмацијата на спортот. Овој кошаркар и спортски активист целиот свој живот го посветил на кошарката. Покрај активната кошаркарска игра, успеал да го внесе КК „Кожув" во Првата македонска кошаркарска лига. Истотака, Димитар Димитровски, како актуелен спортски директор на КК „Кожув", е заслужен за ангажирањето и поттикнувањето на младите кошаркари и репрезентативци во постигнувањето на подобри резултати. Преку организацијата на Купот на Македонија во кошарка во Гевгелија, значително придонесе во претставувањето на својот роден град како добар домаќин на значајни спортски настани.

## ТОНИ АВРАМОВ, професор, новинар и автор



На Тони Аврамов, професор по македонски јазик и литература, новинар, културен работник и граѓански активист, му е доделена Седмоноемврискатa награда во вид на Сребрена плакета за афирмација на Општина Гевгелија, преку своите новинарски статии, видеозаписи за Гевгелија и Гевгелиско, како и интервјуа со гевгелиски истакнати личности. Основач е на Медиумскиот клуб „Јоска" во СОУ „Јосиф Јосифовски", за што како ментор е добитник на Наградата за одлична продукција на видеозапис на Фестивал во Њујорк, САД. Долгогодишен е соработник во организацијата на традиционалниот фестивал „Смоквијада", манифестацијата „За тебе, љубов моја" и други значајни културно-уметнички манифестации. Како писател, активно ја збогатува роднокрајната детска литература со своите драми.



Успешна акција за пошумување на Топлик

# ЗАСАДЕНИ НАД 5.000 ДРВЦА БАГРЕМ И ЧЕМПРЕС

Со масовен одзив на граѓаните, на акцијата за пошумување „Да пуштиме корени во нашата Гевгелија" Општина Гевгелија покажа дека се грижи за заштита на животната средина. Во близина на месноста „Топлик", успешно беа засадени над 5.000 дрвца - багрем и чепмпрес, во акцијата што ја организираше Општина Гевгелија во соработка со ЈПКД „Комуналец", ШС„Кожуф" и ОО Црвен Крст од Гевгелија. Во акцијата се вклучија голем број волонтери- претставници на Советот на Општина Гевгелија, државните и локалните институции и на граѓанскиот сектор.

Градоначалникот Андон Сарамандов изрази голема благодарност до организаторите за големиот придонес во организацијата на акцијата за пошумување, како и до сите граѓани кои учествуваа во неа:

- Гевгеличани масовно сплотени покажаа дека градот се сака со конкретни дела. Заштитата на животната средина е важен сегмент за здрава средина. Заедно со заменик- министерката за животна средина и просторно планирање, Ане Лашкоска, граѓански организации, јавни институции, спортски клубови и голем број наши сограѓани се вклучивме во акцијата за садење на над 5.000 садници чемпрес и багрем на локалитетот „Топлик". Ова е поттик за сите нас, иницијативата да прерасне во традиција и да се случува почесто-истакна Сарамандов.

Целта на акција е да го надомести недостигот и намалувањето на шумската маса поради преголемата суша и предизвиканите пожари на подрачјето на општина Гевгелија. Но, истовремено и да ја подигне јавната свест за важноста на зелените површини и нивната улога во животната средина. Заменик-министерката за животна средина и просторно планирање, Ане Лашковска, која учествуваше во акцијата, упати честитки до градоначалникот Сарамандов и Општина Гевгелија за успешната реализација на оваа акција и нивната посветеност кон зачувување на природата.

- Активностите за пошумување низ државата се целосно поддржани од Министерството за животна средина бидејќи тие претставуваат значаен ресурс од различни перспективи – придонесуваат кон заштита на биолошката разновидност, го подобруваат квалитетот на воздухот, помагаат во справување со климатските промени, обезбедуваат заштита од ерозија и свлечишта и имаат важна економска вредност- истакна Лашкоска за време



на настанот. Таа нагласи дека обновувањето на шумскиот фонд е еден од приоритетите како на локално, така и на национално ниво, особено со оглед на предизвиците, како што се екстремно високите летни температури и честите пожари кои ја зафаќаат шумската површина низ целата земја.



## Модернизација на водоснабдувањето

Заменик-министерката Ане Лашкоска и градоначалникот Андон Сарамандов направија увид на Проектот за модернизација на водоснабдувањето во ЈПКД „Комуналец" во Гевгелија. Проектот вклучува замена и инсталација на нови водомери со далечинско отчитување, како и конфигурација на напредна опрема. ЈКПД „Комуналец" го имплементира Проектот што е финансиски поддржан од Министерството за животна средина со инвестиција од 5 милиони денари.

**Во станбените населби „Моински пат“ и „Караорман“**

# ОГЛАС ЗА 11 ПАРЦЕЛИ ЗА ДОМУВАЊЕ

По спроведеното електронско јавно наддавање, од објавените 12 градежни парцели за домување во станбени објекти во општина Гевгелија беа продадени 11, додека за 1 парцела немаше јавно наддавање. На јавниот повик за продажба на градежни парцели се пријавиле 27 понудувачи, а по пат на електронското јавно наддавање беа продадени 3 градежни парцели за домување во станбени куќи на м.в. „Моински пат“, со постигната цена од 71 до 1.850 денари за метар квадратен.

Исто така, беа продадени 8 градежни парцели во станбената населба „Караорман“ во Гевгелија, со постигната цена од 81 до 504 денари за метар квадратен. Не е продадена градежната парцела за домување во станбени згради на м.в. „Пазар“. Врз основа на одредбите од Законот за градежно земјиште, понудувачите во рок од три дена од одржаното јавно наддавање имаат право да




поднесат приговор, доколку нема постапката за отуѓување на предметното градежно земјиште ќе продолжи согласно Законот.

# ДОНЕСЕН ДУП ЗА БЛОК 12

По подолго време, конечно е донесен Детален урбанистички план за Урбан блок 12, за урбанизација на просторот околу Вардарски Рид. Станува збор за Урбанистички план што со години беше во постапка, наспроти барањата и потребите на инвеститорите. Советот на Општина Гевгелија, на вонредна седница, донесе Одлука за усвојување на Деталниот урбанистички план за Блок 12, КО Гевгелија, општина Гевгелија (плански период 2019-2024 година), што ј зафаќа површиа од 115, 282 ха.



Границата на планскиот опфат е дефинирана на северната страна по осовината на магистралната сообраќајница булевар „Гевгелија“ и продолжува на североисток по осовината на регионалниот пратен правец Р1120. На источната страна по осовина на  речното корито на одводниот канал „Рауљ“ и продолжува по осовината на водотекот на коритото на река Вардар. На јужната страна границата е дефинирана по осовина на водотек на реката Сува Река и на западната страна границата се протега по осовините на постојните сообраќајници, улиците  „Железничка“ и „Борис Кидриќ“ и се спојува со  булеварот „Гевгелија“. Во урбанизираниот простор се предвидени мали комерцијални деловни намени,  големи трговски единици, големи угостителски единици,  хотелски комплекси, лесна и незагадувачка индустрија, сервиси, стоваришта, паркови и зеленило, заштитно заленило, комунална инфраструктура и супраструктура.

# "ТОПЛИК" ПРЕУРЕДЕН ВО СПОРТСКО - РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР

Со уредувањето на месноста „Топлик" во спортско-рекреативен центар, општина Гевгелија доби уште еден простор за спорт, одмор и рекреација на сите граѓани. Завршувањето на градежните работи за изградба на спортско-рекреативниот центар беше означено со свечено пуштање во употреба. Проектот опфати поставување урбана опрема, односно спортско-рекреативниот центар кај месноста „Топлик" располага со летниковци, клупи и масички за седење и корпи за отпадоци. Уредени се патеки за рекреација и поврзување на просторот, а е осветлен со канделаабри на сончева енергија.



Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, истакна дека реализирано е уште едно ветување од предизборната програма во 2021 година, поради потребата од повеќе рекреативни содржини за поквалитетен живот на граѓаните на општина Гевгелија. Исто така, ги покани сограѓаните да го посетат новиот парк и апелираше за совесно однесување при користењето со цел зачувување на ова ново прекрасно катче.

Уредувањето на месноста „Топлик" во спортско-рекреативен центар се реализираше преку Проектот: „Зајакнување на општинските совети- Фаза 2", а имплементиран од Програмата за развој на Обединетите нации- УНДП, а финансиски поддржан од Швајцарската влада, Министерството за локална самоуправа и Општина Гевгелија. Вкупниот износ на овој проект изнесува 5.171.865 денари, од коишто 3.959.526 денари се грант од УНДП, а 1.959.526 денари се сопствено учество на Општина Гевгелија.

Имено, на 4. форумска сесија, по пат на евровизиско гласање и со најмногу освоени поени, Форумот како приоритетна ја оцени изградбата на спортско-рекреативен центар крај браната „Топлик", проект којшто работната група на Советот на Општина Гевгелија и локалната самоуправа го развиваа на претходните три сесии. По изградбата, во Општина Гевгелија се одржа и последниот 5. Форум во заедницата, на којшто се презентираа реализираните активности за инфраструктурниот проект, којшто беше одбран како приоритетен од страна на граѓаните- учесници на четирите форуми во заедницата.

# КАМЕН ТЕМЕЛНИК НА НОВИОТ МЕГА ШОПИНГ ЦЕНТАР ВО ГЕВГЕЛИЈА

Во Гевгелија, во присуство на претседателот на Владата на РМ, Христијан Мицкоски, градоначалникот на Општина Гевгелија, Андон Сарамандов, претставници на МПЦ и на инвеститорите - компаниите „А-ПЛУС" и „Новастон", беше поставен камен темелник на новиот МЕГА-шопинг парк. Новиот шопинг центар се наоѓа на влезот на Гевгелија, на градбена површина од над 19.000 м$^2$, каде што се предвидени голем супермаркет, продавници со модни брендови, забавна зона и други содржини.



-Многу амбициозен, но, не и неостварлив проект, вреден околу 20 милиони евра, кој ќе овозможи на почетокот 350 нови вработувања до максималниот капациет од 500-тини, изјави премиоерот Христијан Мицкоски. Оваа точка е навистина значајна, бидејќи околу 15 милиони возила годишно поминуваат тука. Нашата цел е годинава, за прв пат, да забележиме една милијарда евра инвестиции, со што како држава ќе бидеме меѓу првите три, по глава на жител, кога станува збор за странски инвестиции, истакна Мицкоски, упатувајќи честитки до инвеститорот за одлучноста и благодарност до општината и до сите што помагаа за реализација на оваа инвестиција.

Според градоначалникот Андон Сарамандов, овој Мега - шопинг центар ќе има голем инпут за економијата во Гевгелија и притоа нагласи дека во изминатиов период како Локална самоуправа работевме посветено за да овозможиме подобри услови за нови инвестициони вложувања, заблагодарувајќи се на Владата на РМ, предводена од премиерот Христијан Мицкоски, за континуираната поддршка за зголемена стопанска активност, развој и нови инвестиции во општините.

# ВИСОКО НИВО НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Општина Гевгелија е локална самоуправа со високо ниво на транспарентност за 2024 година. За разлика од 2023 година, Општина Гевгелија во 2024 година го подобрила индексот за транспарентност позиционирајќи се на 6. место, со пораст за 16 места помеѓу единиците на локалните самоуправи. Од Општините во Југоисточниот Регион, Општина Гевгелија е 2. по ред ЕЛС со високо ниво, со индекс од 88% проактивна транспарентност.

Целта на мониторингот што го спроведува АЗСПИЈК е да се детектираат состојбите во спроведувањето на обврската на имателите на информации од јавен карактер за проактивно објавување на 22. категории информации на нивните веб-страници. Тоа помага во спроведување на одредбите на ЗСПИЈК и зголемување на капацитетите на имателите на информации од јавен карактер во однос на нивна поголема транспарентност и отвореност.

Годинава, Општина Гевгелија е на високото 7. место со 57,5 поена од вкупно 25 Општини коишто според мониторингот на Општини и Центри за развој на планските региони за 2024 година се во групата со високо ниво на транспарентност. Ранглистата ја подготви Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, по спроведениот мониторинг на 80. единици на локални самоуправи и Извештајот за извршена проверка на објавените документи и информации што Општините и Центри за развој на плански региони во РСМ како иматели на информации се обврзани да ги објавуваат на своите веб-страни.

ПРИЛОГ:

АНЕКС 1: Табела со резултатите од мониторингот на Општините и Центрите за развој на планските региони за 2024 година

| ранг | Општини | Резултати | 2024 |
|---|---|---|---|
| 1 | Валандово | 64 | Високо ниво на транспарентност |
| 1 | Демир Хисар | 64 | |
| 2 | Пробиштип | 60 | |
| 3 | Крива Паланка | 58 | |
| 4 | Берово | 57,5 | |
| 5 | Битола | 57 | |
| 6 | Гевгелија | 56,5 | |
| 6 | Делчево | 56,5 | |
| 6 | Кичево | 56,5 | |
| 6 | Кочани | 56,5 | |
| 10 | Градско | 55 | |
| 11 | Бутел | 54 | |
| 11 | Василево | 54 | |
| 13 | Велес | 53,5 | |
| 13 | Илинден | 53,5 | |
| 15 | Маврово и Ростуша | 53 | |
| 16 | Центар | 52,5 | |
| 17 | Зрновци | 52 | |
| 18 | Кисела Вода | 50,5 | |
| 18 | Новаци | 50,5 | |
| 20 | Гази Баба | 49,5 | |
| 20 | Кавадарци | 49,5 | |
| 22 | Брвеница | 49 | |
| 22 | Конче | 49 | |
| 22 | Куманово | 49 | |
| 25 | Прилеп | 48 | |
| 25 | Штип | 48 | |
| 27 | Демир Капија | 47,5 | Средно ниво на транспарентност |
| 28 | Карпош | 47 | |

**Преку поткасти**

# ПРОМОЦИЈА И ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЖЕНСКОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

Општина Гевгелија, во рамки на Програмата за еднакви можности на жените и мажите за 2024 година, реализираше три видеопоткасти именувани „Нејзиниот гевгелиски бизнис" со успешни жени-претприемачки од Општина Гевгелија. Целта е да се промовира женското претприемништво во Гевгелија, но и да се поттикнат останатите граѓанки за основање сопствен бизнис заради малиот број на жени во однос на мажи - сопственици на бизнис. Имено, поткастите се концепирани да ги инфомираат жените за можностите што ги нуди државата.

Гевгеличанките Мартина Стојчева, сопствени-чка на цвеќарата"MisterMama";Љубинка Стамкова, сопственичка на работилница за торти и колачи „Санкејкс" и Татјана Николовска, сопственичка на Едукативниот центар „My School" и книжарницата "The Book Shop" се учеснички во поткастите. Тие ги споделија позитивните искуства, од што биле поттикнати за основање и на кој начин го основале бизнисот - било со грант (Преку Програмата „Само-вработување" на Министерството за социјална поли-тика, демографија и млади што ја имплементира Агенцијата за вработување, со поддршка од УНДП) или со сопствени средства и ги охрабрија жените дека и тие можат да бидат успешни во деловниот свет.

Серијата поткасти до крајот на годинава ќе биде




заокружена со уште два потказа, коишто ќе бидат објавени на Facebook- страниците на Општина Гевгелија и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Гевгелија и Youtube-каналот на Општина Гевгелија. Поткастите ќе продолжат да се снимаат и во 2025, преку Програмата за еднакви можности на Општина Гевгелија, поради тоа што досега објавените привлекоа големо внимание во јавно-ста. Сценариото на покастите е на Петар Јанчев, заменик-координатор за ЕМЖМ во Општина Гевгелија, а видеото и монтажата е на Васко Трајков.

# РЕВИЈА НА ИНТЕРЕСНИ КУЛТУРНИ НАСТАНИ

Седмоноемвриската културна недела, по повод одбележувањето на 80- годишнината од ослободувањето на Гевгелија, и овој пат донесе бројни и интересни културни настани. Граѓаните на општина Гевгелија можеа да проследат репрезентативни ликовни изложби, интересна театарска претстава, хорски, класични и фолклорни концерти. Гевгелија ја доживеа и првата премиеара на балетска претстава „Исповед" на Национална опера и балет, што беше наградена со овации на присутните гости на Свечената седница на Советот на Општина Гевгелија во Народниот театар. Сѐ на сѐ, Седмоноемвриската културна недела придонесе за значително збогатување на културниот живот во Гевгелија.



Седмоноемврискoто културно празнување започна со Изложба и концерт на Етнокореолошкиот оддел при ЈОУ Дом на култура „Македонија"- Гевгелија. Во фоајето на Народниот театар во Гевгелија, беа изложени македонски народни носии од различни етнички предели и реквизити што ја карактеризираат традиционалната материјална култура. Потоа, 8 млади, професори и студенти на Музичката академија при УГД од Одделот за енокореологија ја фасцинираа публиката со женската, машката и комбинирана вокална и музичка интерпретација на неколку традиционални песни и ора. Ансамблот на НУКЦ „Трајко Прокопиев"- Куманово, по повод празничната програма, гостуваше во Гевгелија со театарската претстава „Како што сакате / Ноќ спроти Водици", во режија на Срѓан Јанаќиевиќ. Беспрекорната



актерска игра на: Жарко Јовановиќ, Марко Трајковиќ, Антонио Димитриевски, Нина Максимова, Анастасија Величковиќ, Александра Пешевска, Давид Илиќ и Никица Јанковски, како и самото сценарио на претставата и интересната костимографија на гевгеличани им донесе нешто ново, современо и невообичаено во културниот живот.

Гевгелиските ликовни уметници го претставија своето творештво на Годишна ликовна изложба, во организација на НУ Музеј - Гевгелија. Авторски дела - слики и скулптури на 16. уметници на различна возраст: Андриана Манчева, Александар Јанев, Анамарија Митриќеска Кал'чева, Вангел Срнаков, Ана Петрова, Атанас Крстев, Јордан Јанев, Иван Кал'чев, Мирјана Крстева Массетти, Михаил Петров, Гордана Николовска Петрова, Перо Кованцалиев, Никола Бутров, Фиљо Танов, Драги Хаџи-Николов и Дамјан Ѓуров беа изложени во Уметничката галерија „Амам". Градскиот мешан хор „Гортинија" со својот концерт и репертоар на домашна и странска хорска музика го разубави седмоноемврискoто чествување. 14 дела од македонски и странски композитори беа изведени од златните грла на хористите, под мајсторското диригентство на м-р Илија Атанасов.



Неизоставен дел од Седмоноемвриската културна програма е традиционалната манифестација „Фолклорен ѓердан", во организација на ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито"- Гевгелија и Ансамблот „Бојмија" од Гевгелија. Настанот го отворија Пејачката група на Здружението на пензионери „Сава Михајлов"- Гевгелија. Покрај претставувањето на домаќинот - Ансамбл „Бојмија" и културно-уметничките друштва и студија од Македонија- „Отекс фолк"- Охрид и „Фолклор"- Скопје со изведба на македонски народни ора и песни, фолклорното



богатство пред гевгеличани го презентираа и КУД „Паја Зариќ"- Нови Карловци од збратимената Општина Инџија, Република Србија. Концертот беше збогатен со автентична сценографија што ја направи Гордана Николовска Петрова. Културната програма



за одбележување на 7 Ноември заврши со Книжевен портрет на Горјан Петревски, во организација на ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев" во Гевгелија. За творештвото на Горјан Петревски, популарен македонски автор, кој е воедно и автор на еден од најтиражните македонски романи, лектирата „Марта", во Народниот театар во Гевгелија, зборуваа проф. д-р Васил Тоциновски и проф. д-р Јованка Денкова.

# ПРЕМИЕРНА БАЛЕТСКА „ИСПОВЕД“

Националната опера и балет со премиерната балетска претстава „Исповед“ несомнено претставуваше главен културен настан во богатата културна програма за одбележување на Денот на ослободувањето на на Гевгелија - 7 Ноември, а несомнено ќе се вброи во најзначајните годинешни културни настани. Премиерната балетска изведба, веднаш по Свечената седница на Советот на Општина Гевгелија, го збогати чествувањето на осумдецениския јубилеј. Бидејќи, младите балерини и балетани, под кореографската палка на Саша Ефтимова, со нивната грациозност и елеганција во движење ја разубавија сцената на Народниот театар во Гевгелија. Не само физички, туку и духовно, со танцова исповед на класичната музика од Бах, ги исполнија очекувањата на гевгеличани и бројните гости. Се разбира, и на задоволство на организаторите - Општина Гевгелија и ЈОУ Дом на култура „Македонија“ во Гевгелија.



Балетската претстава „Исповед“, во кореографија на Саша Евтимова, е работена според делата на големиот класичен мајстор Јохан Себастијан Бах, сценографијата беше на Марија Ветероска, а светлото на Нино Митевски. На сцената во Гевгелија, балетската „Исповед“ ја донесоа: Миро Митрашиновиќ, Ендру Кук, Илијана Данилов, Веселин Трајковски, Мартина Димковска, Тодор Стојанов и Ивана Димковска.

- Современиот танц често станува простор за исповед, каде што движењата служат и како лично и колективно средство за соочување, споделување и ослободување на емоциите. Концептот на „Исповед“ често се манифестира како сурова, искрена форма на самоизразување што им овозможува на танчерите да пренесат длабоко лични или универзални вистини. За разлика од традиционалното раскажување приказни или структурирани наративи, современиот танц опфаќа апстрактно и симболично движење за да ги истражи темите на ранливост, автентичност и емоционално ослободување – вели Ефтимова.



Инаку, Саша Ефтимова е родена во Скопје, каде го започна своето школување во Средното музичко и балетско училиште „Илија Николовски – Луј“, а престојуваше на Колеџот „Поинт Парк“ во Питсбург, од 1998 до 2001 година, Отсек - Современиот џез. Таа е истакнат солист, балетски педагог и кореограф во Национална опера и балет во Скопје, под раководство на Кире Павлов. Ефтимова има изведено бројни улоги на класичниот и неокласичниот репертоар. Во 2007 година, таа беше дел од Kylian проектот изведувајќи соло во Falling Angels, One of a kind и Palms. Во 2004 година, учествувала на Франкофонските олимписки игри во Африка. Како кореограф, има создадено дела за филмови, театар, Национална опера и балет, Гоа балетска академија, Виетнам опера и балет, Националниот балет во Тбилиси, Грузија, ХНК Сплит и неодамна за првиот создаден балетски ансамбл во Црна Гора.



## КОНЦЕРТ НА ООМУ „ВАСО КАРАЈАНОВ“

ООМУ „Васо Карајанов“ во Гевгелија со Свечен концерт го одбележа јубилејот и празникот на својот град. По повод 80 години од ослободувањето на Гевгелија, во балетската сала на Основното музичко училиште со 21 точка настапија учениците од сите класи во Училиштето. Концертот го посветуваат, како што истакнаа младите музичари од ООМУ „Васо Карајанов“, на љубовта кон родниот град и на луѓето, кои го правеле и го прават голем и горд во изминатите 80 години.



# Изложба „НарАртива II: 150 години импресионизам“

ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“, во соработка со НУ Музеј – Гевгелија, организираа мошне интересна Изложба „НарАртива II: 150 години импресионизам“, во Галеријата „Амам“ во Гевгелија. Со Изложбата беше одбележан јубилејот од одржувањето на првата импресионистичка изложба во париското студио на Гаспар-Феликс Турнашон. Легендарниот фотограф, познат како Надар во 1874 година, сакал да ги изнесе на виделина линиите на поврзување помеѓу визуелното и текстуалното, обезбедувајќи увид во некои од механизмите на комуникација помеѓу овие два облика на индивидуалниот творечки израз.

Импресионизмот, како во сликарството, така и во литературата, подразбира отстапување од стандардите на реализмот, централизирајќи се околу минливото, субјективното и сетилното, а импресионистичките и симболистичките дела му овозможуваат на реципиентот да ја истражува сложеноста на видливото, замаглувајќи ја границата помеѓу објективното и субјективното. Сето ова беше презентирано на Изложбата преку делата на ликовните уметници: Вангел Срнаков, Владимир Илиевски, Никола Пијанманов, Гоце Илиевски, Љупка



Галазка – Василев, Тони Попов, Габриела Стахурска Гошева, Горан Јованов, Миле Ничевски, Иван Кал’чев, Мирјана Крстева Массетти и Дамјан Ѓуров. Изложбата со настап во духот на книжевниот импресионизам ја отвори Стефчо Стефанов.

# ИЗЛОЖБА НА М-Р МИРЈАНА КРСТЕВА МАССЕТИ ВО КАВАДАРЦИ

Во галеријата при Дом на култура „Иван Мазов-Климе“ во Кавадарци беше отворена самостојна Изложба „21“ на познатата ликовна уметничка, Мирјана Крстева Массетти од Гевгелија. Изложбата, организирана по повод 21. година од нејзината прва самостојна изложба, ја отворија познатиот ликовен уметник, Владимир Темков и директорката на Домот на културата во Кавадарци, Јулијана Туриманџова. Тие во своите излагања не ги штедеа комплиментите за изложените дела.

- Во симбиозата на сликарството на Мирјана Крстева Массетти се чувствува топлината во сликарството. Нејзините дела предадени со сликарска убедливост и впечатливост ги пронаоѓа во лирското ткаење на иднината инспирирана од сегашноста. Секое нејзино дело зрачи убавина, но не убавина сама по себе, туку најчесто убавина што ја креира, што ја создава или барем што ја пресоздава авторот. Средбата со творештвото на Мирјана Массетти претставува возбудливо доживување што блика од секое дело одделно создавајќи цел еден врутok на непресушна инспирација, која има свое драматично течение кое нè поведува како виор во еден свет на силно драматичен нескротен импулс во една импресивна низа на дела, како една процесија во течение без престан, истакнаа промоторите на изложбата.

За Мирјана Крстева Массетти Изложбата претставува сублимат од визуелизирани размисли за сопственото постоење. Петнаесеттина дела работени на платно кои го демистифицираат бројот „21“, како синтагма за едно патување низ универзумот. За мене



како автор кој ја гради својата творечка физиономија на Балканот, овој проект има есенцијално значење. Најпрво, да ги претставам своите досегашни остварувања инспирирани од автентичноста на македонското јас и негувајќи перманентна амбиција за Убавото да се обидам да отидам од другата страна на огледалото. Бестрашно, трагајќи по Апсолутот, чекорејќи кон сопствената катарза ќе ги насликам нештата за кои на јаве не се зборува, изјави Массетти.

Мирјана Крстева Массети досега имала 29 самостојни изложби во земјата, но и во Париз, Њујорк и Истанбул. Таа, исто така, учествувала на 90 групни претставувања на своите ликовни дела во земјата и странство, како и на повеќе од 15 домашни и меѓународни ликовни колонии.

# КОЖУФ НА ФОТОГРАФИИТЕ НА ДИМИТАР НОВАКОВ

„Сите лица на Кожуф“ е насловот на Изложбата на фотографии од Димитар Новаков што неодамна беше отворена во Галеријата „Амам“ во Гевгелија. ја организираше Националната установа Музеј- Гевгелија. Изложбата, организирана од Народниот музеј во Гевгелија, а со поддршка од Министерството за култура и туризам на Република Македонија, предизвика голем интерес кај гевгелиската публика. Овој гевгелиски фотограф и визуелен уметник фотографира пејзажни и улични фотографии со цел да покаже колку е навистина убав светот што нè опкружува. Со својата последна изложба во Галеријата „Амам“, Димитар Новаков се обидел и навистина успеал преку своите фотографии да ги долови сите убавини на прекрасната Кожуф Планина.

- Ги правам сите овие пејзажни и улични фотографии за да покажам колку е навистина убав нашиот свет и ги правам концептуалните визуелни креации за да ви го покажам светот како што го доживувам јас. Опфаќам со мојот објектив важни теми како што се: љубовта, среќата, смислата на животот, откривањето себеси и промените што се случуваат- истакна на отворањето на Изложбата Димитар Новаков. Притоа, нагласува дека замрзнувањето на времето, раскажувањето приказни и фаќањето емоции го започнал од 2014 година, кога ја добил првата камера, иако неговата љубов кон фотографијата датира од порано.



Димитар Новаков, досега има одржано три самостојни изложби во Гевгелија, а има учествувано и на повеќе групни изложби во земјата и во странство. Неколку негови фотографии имаат освоено награди на конкурси. Иако, фотографијата за него е повеќе од хоби, тој е велосипедист, сценарист на стендап комедии, креатор на музички спотови, графички дизајнер, гитарист и пејач.

## ОБЈАВЕНО ЕДИНАЕСЕТТОТО ИЗДАНИЕ НА „МЕТРИЧКИ КАРВАН“

Од печат излезе новото издание на поетскиот серијал „Метрички карван“ на ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“- Гевгелија, во којшто се застапени творби од 10 поети од Гевгелија и 9 од Радовиш. Единаесеттото издание на „Метрички карван“ е крунисано од зборови кои, небаре долетани низ долгата историја на југоистокот, распослан меѓу градовите Гевгелија и Радовиш. Со себе носат богатства, кои како едвај да ја чекале својата ерупција, како што метафората што тлеела во вечноста го чекала своето отпевање, кое неизбежно ќе се случи. Или, како што би рекол седумнаесетгодишниот Ацо Караманов, „Ние и кога умираме треба да пееме“. „Метрички карван“ ќе продолжи да го слави животот во сите нијанси на неговата поезија, поезијата во сите нијанси на нејзиниот живот, и сето помеѓу. А она што е најдено таму ќе им преостане на вечните трагачи по убавината, вистината, по слободата во зборот и неговата тишина.



## Театарска хроника

### Сашко Коцев ги воодушеви гевгеличани

Сашко Коцев со своето stand-up шоу „Широк дијафазон“ успеа да ја насмее до солзи присутната публика во Народниот театар во Гевгелија. Популарниот актер со збор и глума за аномалиите во општеството, машко-женските односи, и неговото лично постоење и опкружување успеа да го задржи вниманието полни два часа. Што е најважно, гевгеличани си заминаа дома задоволни по неговиот настап, инспириран од секојдневието. Поради големиот интерес за stand-up настапот на Сашко Коцев, бидејќи многумина гевгеличани останаа без карти, организаторот - ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија најави Сашко Коцев со „Широк дијафазон“ по вторпат да блесне на сцената во Народниот театар, во Гевгелија.





### „Кавадаречки пастуви“ во Гевгелија

Во Народниот театар во Гевгелија гостуваше Аматерскиот театар при ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов - Климе“ од Кавадарци со театарската претстава „Кавадаречки пастуви“. Повозрасните гевгеличани можеа да уживаат во оваа урнебесна комедија, што е вистински хит во регионот. Пред сè, поради извонредниот настап на актерите: Диме Боцев, Видан Станоев, Сашко Орешков, Цветанка Прочков, Ристе Стојанов, Александар Стојков, Александар Видиков, Александар Малинков и Диме Коцевски. Претставата беше во режија и адаптацијата на Диме Коцевски, а сценографијата на Диме Темков и Тони Туриманџов.

### „Лошо куче“

Познатиот битолски комичар Никола Тодоровски повторно гостуваше во Гевгелија. Овој пат со својот stand-up шоу „Bad Dog“ час и половина ги засмејуваше гевгеличани. Со своето „Лошо куче“ на гевгеличани и македонската јавност им го пренесе своето видување на секојдневието, наменето за повозрасните генерации. Притоа, претставувајќи се со право како комичар во подем на овие простори.



# БРОЈНИ И РАЗНОВИДНИ МАНИФЕСТАЦИИ ЗА НАЈМЛАДИТЕ

Неделата на детето во Гевгелија беше одбележана со бројни активности за најмладите жители, во организација на ЈОУ Дом на култура „Македонија“, ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“, ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито“ и НУ Музеј, сите од Гевгелија. Активностите за одбележување на Светската недела на детето започнаа со презентација на локалната традиционална култура во ООУ „Крсте Мисирков“ и „Владо Кантарџиев“, од страна на м-р Силвестер Проле. НУ Музеј-Гевгелија организираше Изложба на ракотворби изработени од глина „Почувствувај го минатото – сподели во сегашноста“, за учениците од вторите и третите одделенија од ООУ „Владо Кантарџиев“ и средношколците од прва година во СОУ „Јосиф Јосифовски“.

Ликовната секција организираше Работилница за сликање пред платото на Народниот театар, а секциите за драма, гитара, тапани и карате, како и Ансамблот „Бојмија“ и Танцовото студио „Мистик“ пред дечињата од Гевгелија одржа јавен час. Големо внимание во јавноста предизвика краткото видео на Драмската секција, во режија на Катица Цишева Дупарова, во кое учествуваа младите актери. Радост кај децата предизвика и театарската претстава „Царевата нова облека“ од репертоарот на НУКЦ „Антон



Панов“ во Струмица, во режија на Јасмина Вучкова.

Во Библиотеката „Гоце Делчев“, на учесниците во 2. Работилница за креативно пишување, а на младите автори-ученици од основните училишта и СОУ „Јосиф Јосифовски им беа врачени дипломите за одличните книжевни творби. Додека пак Пионерскиот дом организираше дискусија „Глобално кафе“ за правата на децата. Детската недела во Гевгелија заврши со премиера на театарската претстава „Црвенкапа“, во продукција на Театар „Хит“- Скопје, во која уживаа голем број дечиња од ЈОУДГ „Детска радост“ во Гевгелија.

# УЧЕНИЦИТЕ ИЗРАБОТУВААТ МУРАЛИ

Во рамки на Проектот „Изработка на сензорни реквизити за училишно сензорно игралиште“, учениците од ООУ „Владо Кантарџиев“, под менторство на Здружението „ЕКО ЛАЈФ“, спроведоа подготвителни активности за дизајн и изработка на звучен ѕид и едукативен панел. Исто така, учениците изработуваат и тактилен мурал, којшто е во завршна фаза, во мозаик-техника, со употреба на предмети од различни материјали. Муралот ќе биде поставен на надворешен ѕид од зградата на Училиштето, изработен на шперплоча. Во ООУ „Крсте Мисирков“ во Гевгелија се одржаа две работилници, под менторство на наставникот по ликовно образование, Александар Јанев, исто така, посветени на муралите. 37 ученика од 6. до 9. одделение даваа предлози и идеји за цртање на муралите во Училиштето на тема „Пријателство“, кои техники ќе се употребат, на локацијата за исцртување на муралот и



потребните материјали. Инаку и двата проекти се реализираат во рамки на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2 – ReLOaD2, која е финансирана од ЕУ, а имплементирана од УНДП, додека Општина Гевгелија е кофинансиер.

## ЧЕТВРТООДЕЛЕНЦИТЕ НА ЧАС КАЈ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ



Во посета на Општина Гевгелија беа учениците од четвртите одделенија во основните гевгелиски училишта. Во рамки на наставната единица „Запознај ја Локалната самоуправа“ по Општетство, градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, ги информмираше учениците за неговата работа како татко на градот. Учениците имаа можност и да му постават прашања, а во знак на благодарност и помошта за усвоените знаења, му подарија на Градоначалникот прекрасни изработки. Со континуиран придонес, овозможуваме подобри услови за идните генерации, рече Сарамандов, упатувајќи пофалби и честитки до наставниот кадар за поттикнувањето креативност кај децата да реализираат интересни активности.

# ФОРМИРАНО НОВОТО ЛОКАЛНО МЛАДИНСКО СОБРАНИЕ



По спроведувањето на постапката за избор на членство во Локалното младинско собрание, во Општина Гевгелија се формираше новиот состав на Локалното собрание на млади. На првата седница, со мнозинство гласови за претседател на Локалното младинско собрание е избран Петар Дагалев. На Јавниот повик за членство во Локалното младинско собрание, номинации доставија вкупно 8 организации согласно Законот за младинско учество и младински политки, а Верификационата комисија им го потврди мандатот на сите предложени. Новиот состав на Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија брои 16 члена, од коишто 8 се делегати и 8 се заменик-делегати: Ѓорги Новаковски и Андреј Димов, Јосиф Зоев и Мартин Стојанов, Петар Гребенаков и Ивана Толева, Бруно Алчинов и Цветанка Костадинова, Валентина Ангелова и Сања Пенова, Петар Дагалев и Марија Калинова, Михаил Петров и Анастасија Атанасова, и Ангел Аевски и Оливер Велков.

**Одбележан јубилејот на ООУ„Владо Кантарџиев“**

# ВРЕМЕПЛОВ НИЗ ОСУМ ДЕСЕТЛЕТИЈА



ООУ „Владо Кантарџиев“ во Гевгелија ја одбележа својата 80-годишна воспитно-образовна дејност и патрониот празник со Свечена академија, на којашто присуствуваа  градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, членови на Советот на Општина Гевгелија, локални и државни функционери, просветни работници и голем број граѓани. За Патрониот празник и 80 години настава на македонски јазик, беше изведена богата културно-уметничка програма, насловена како „Времеплов“, со настап на хорот, изведба на драмолетки, рецитации и танци.

- Првите учители пред осум децении го посејаа семето на еден нов воспитно-образовен процес, кога македонската азбука и правопис сè уште не беа кодифицирани, за денес таа нива да раѓа плодови на знаење, култура и напредок. Во текот на овие 80 години, нашето училиште претрпело многу промени, но неговата основна мисија остана иста: да ги едуцира и инспирира младите, да создава нови генерации со силни вредности и да биде потпора на секој ученик во неговиот пат кон успехот, истакна во поздравниот говор на Свечената академија директорката на Училиштето, Ружица Икономова.

На поединци - помагатели на Училиштето и на учениците кои постигнале високи достигнувања и резултати на бројни натпревари им беа врачени плакети, а за најдобар наставник во училиштето беше прогласена Елизабета Инадевска Ефремова. Покрај Свечената академија, јубилејот беше одбележан и со полагање цвеќе пред спомен-обележјето на Владо Кантарџиев во училишниот двор и спортски игри. ООУ „Владо Кантарџиев“ е основано 1944 година, веднаш по ослободувањето на градот Гевгелија и е првото училиште во градот.

# НОВИ МОЖНОСТИ ЗА КАРИЕРА НА МЛАДИ




Благодарние на соработката на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија со Македонски Каритас, во општина Гевгелија се отворени нови бесплатни можности за кариера на младите преку имплементацијата на Проектот “Your Job”. “Your job” беше претставен во СОУ „Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија, се организираше и промотивен штанд за време на Седмоноемвриската трка, а беа иницирани и други активности пред младите гевгеличани, од 15 до 35 години, од страна на кариерните советници, Верица Ангеловска и Александар Младеновски, службеникот за млади во Општина Гевгелија, Петар Јанчев и претседателот на ЛМС на ОГ, Кристијан Алчинов. Проектот е насочен кон обуки за активно барање работа, тренинзи за зајакнување вештини, програми за персонализирани обуки за професионални вештини, платена пракса и поддршка во поставување сопствена бизнис-идеја и грант шема за поддршка на идеи со висок потенцијал. Проектот е финансиран од Реновабис и Каритас Австрија, а Гевгелија е една од 6. општини во Југоисточниот Регион, каде што се реализира Проектот.

**СЕДМОНОЕМВРИСКА АТЛЕТСКА ТРКА - “NOVEMBER RUN”**

# ГЕВГЕЛИЈА МЕЃУ СВЕТСКИТЕ АТЛЕТСКИ МЕТРОПОЛИ

Гевгелија беше два дена главен спортски центар на атлетиката со одржувањето на трката “November run”, во организација на АК „7 Ноември“- Гевгелија. По само четири години од одржувањето на оваа атлетска трка, Гевгелија се нареди меѓу најпознатите светски атлетски метрополи. Бидејќи е единствена, не само во земјава, туку и пошироко, поради разновидноста на трките и по бројот на учесници. Годинава на “November run“ учествуваа 2.700 тркачи, не само од Македонија туку и атлетичари од странство и бројни гости. Реномирани спортисти, по трките, упатија честитки и позитивни критики за овој настан. Секако, и за постигнатите резултати на детските трки, трките на 5 и 10 км., како и одржувањето на 2. по ред Инклузивна трка.

Спортското дводневно празнување на Денот на ослободувањето на Гевгелија - 7 Ноември започна со Инклузивната трка “Run together”, во организација на Фондација „Ице Бегов“- Скопје, а во соработка со АК „7 Ноември“- Гевгелија. На оваа втора по ред инклузивна трка земаа



учество 800 лица со попреченост со своите најблиски, од Гевгелија и регионот. Но, и бројни поддржувачи - деца со родители, градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, со своето семејство, наставници и професори, како и бројни




граѓани. Сè со цел да ги поддржат и да покажат дека и во маратонските трки не постојат бариери за лицата со попреченост. Обоена во зелено, Гевгелија докажа дека не е само спортски град каде се одржува некаква трка, туку е град на љубовта, поддршката, единството, хуманоста и емпатијата. Пред сè, благодарејќи на мисијата на Фондацијата „Ице Бегов“, којашто својата хуманост, покрај донаторските акции, ја покажа и на овој начин. Токму и затоа, македонскиот олимписки шампион, Шабан Трстена, на директорката на Фондацијата „Ице Бегов“, Елена Бегова, ѝ врачи Златен олимписки оскар за хуманост, како високо признание за нивната мисија.

- Општина Гевгелија се гордее што има деца, кои уште од мали нозе се љубители на спортот, и што е најважно, го оправдуваат својот труд и членство во АК„7 Ноември“ во Гевгелија. И тоа, не со своето масовно учество, туку и со постигнување значајни успеси, го изрази своето задоволство градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, од успешното 2. издание на Инклузивната трка “Run together”. Истовремено и 4. издание на атлетската трка “November run”, којашто ја вброи Гевгелија во престижните атлетски трки пошироко од Македонија. Оваа година над 2.700 натпреварувачи настапија на инклузивната, детските и трките на 5 и 10 км., од кои повеќе од 1200, меѓу кои имаше луѓе од цел свет, на трката учевствуваа и врвни имиња во атлетиката од странство. Притоа, Градоначалникот на Општина Гевгелија изрази благодарност и упати честитки до АК „7 Ноември“, кој заедно со Гевгеличани го организираше најмасовниот спортски настан, кој некогаш го имала Гевгелија - „November Run 2024“.

По завршувањето на трките, АК „7 Ноември“ и Фондацијата „Ице Бегов“ изразија благодарност до сите учесници. Исто така, и до сите волонтери, општинските служби, јавни претпријатија и државни органи и организации, кои работеа - Гевгелија да има прекрасен тркачки викенд. Посебно, се заблагодарија за поддршката во испишувањето нова историја во македонската атлетика.



# Резултати



На детските трки на 1 км., во машка категорија (2011, 2012, 2013 година), се постигнати ре-зултати со трчање на трасата за помалку од 4 минути. Имено, членовите на АК „7 Ноември“, Антонио Каракабаков го освои 1. место (3 мин. и 21 сек.), Максим Ангов- 2. место (3 мин. и 30 сек.), а Ѓорги Петров - 3. место (3 мин. и 38 сек.). Во женска категорија, 1. место го освои Теодора Петрушевска (3 мин. и 54 сек.), 2. место Теона Петрушевска (3 мин. и 58 сек.) и 3. место Љупка Итова (4 мин. и 12 сек.).




Во категоријата девојчиња (2014-2017), 1. место го освои Илина Станојеска со време од 4 минути, а од АК „7 Ноември“ - 2. место Ана Бегова со време од 4 мин. и 11 сек., 3 место. Каја Алексовска со време од 4 мин. 12 сек. и 4. место Добрилка Семенакова со време од 4 мин. и 16 сек. Во машката конкуренција, АК „7 Ноември“ беше најдобар - 1. место го освои Томче Петков (3 мин. и 55 сек.), Јован Лазаровски 2. место (4 мин. и 3 сек.), а Даријан Јаневски 3. место (4 мин. и 7 сек.) Во категоријата 2018 и помлади, најдобри беа девојчињата од АК „7 Ноември“ - 1. место го освои Снежана Алексовска со време од 5 мин., 2. место Оливија Раманадова со време од 5 мин. и 1 сек. и Мелани Вацев 3. место со време од 5 мин. и 19 сек. Кај машките, Матеј Каров- 1. место (4 мин. и 13 сек.), од АК „7 Ноември“ - Костадин Семенаков 2. место (4 мин. и 16 сек.) и Стефан Лешев 3. место (4 мин. и 23 сек.).

На главниот спортски настан, на трката на 5 км., во женската конкуренција 1. место го освои Греша Бакраќи од Косово (17 мин. и 30 сек.), 2. Фатих Кангого од Кенија (18 мин. и 27 сек.) и 3. место Анастасиа Пејчева од Бугарија (18 мин. и 41 сек.). Кај мажите учесници, најдобар беше Алберт Кипкорир Тонуи од Кенија (14 мин. и 46 сек.), на 2. место се позиционираше Муџахид Муслими од Македонија (15 мин. и 25 сек.) и Бугаринот Георги Гергов (15 мин. и 30 сек.). На Националното првенство-трката на 10 км., во женска конкуренција, првак е Валентина Бендек Џебет од Кенија (33 мин. и 19 сек.), 2 - позиционирана Бугарката Маринела Тодорова Нинева (34 мин. и 40 сек.) и 3-позиционирана Македонката Андријана Поп-Арсова (35 мин. и 6 сек.). Кај мажите, Серае Велдезги од Еритреја е 1. место (29 мин. и 42 сек.), Кенеди Кипкемои Роно од Кенија 2. место (29 мин. и 50 сек.) и 3. место атлетичарот Дарио Ивановски од Македонија (29 мин. и 56 сек.).



Под мотото „Без разлика на кој начин, сите се движиме кон целта“ на инклузивната трка „Run Together“ учествуваа 29 второоделенци од ОУ„Крсте Мисирков“ во Гевгелија, со својата наставничка Маја Мичова, давајќи пример - како од мали нозе преку спортот треба да се учи за емпатијата кон луѓето.

**Во спортскиот комплекс кај Касарната во Гевгелија**

# ИЗГРАДБА НА АТЛЕТСКА ПАТЕКА



Гевгелија добива нова атлетска патека според најсовремените светски стандарди. На почетокот на изградбата на новата атлетска патека во спортскиот комплекс „Касарна“ во Гевгелија, присуствуваа министерот за спорт, Борко Ристовски, градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, претставници на Атлетскиот клуб „7 Ноември“ од Гевгелија и други граѓани. Патеката, чијашто должина ќе изнесува 320 метра, со 4 траки и вкупна ширина од 5 метра, ќе биде изградена согласно високи стандарди за спортска инфраструктура.

По само неколку месеци од најавата на министерот Борко Ристовски, за време на псетата на општина Гевгелија, овој проект веќе станува реалност за гевгеличани. Градоначалникот Сарамандов изрази голема благодарност до него, што ја прифати иницијативата на Атлетскиот клуб „7 Ноември“ и што Министерството за спорт на Република Македонија обезбеди 8 милиони денари за реализација на овој спортски капитален проект. Притоа, министерот Ристовски изјави:

- Министерството најави и започна со реализацијата на два капитални проекта - реконструкција на спортската сала во Радовиш, којашто веќе започна, а сега и изградбата на атлетска патека во Гевгелија. Со тоа само потврдуваме дека си стоиме на дадениот збор и ветувања за изградба на нова спортска инфраструктура. Сакам да се заблагодарма на Градоначалникот за извршените брзи подготовки за започнување со изградбата на атлетската патека. Министерството за спорт останува



на определбата за обнова и изградба на нова спортска инфраструктура, бидејќи без неа нема и спорт. Атлетската патека во спортскиот комплекс „Касарна“ ќе биде готова до крајот на годината, наспроти, претходните најави дека ќе биде готова наредната година. Значајно е што ќе можат да ја користат не само рекреативците туку и сите други граѓани.

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, изјави:

- Изградбата на новата атлетска патека има огромно значење за нашиот град, посебно за помладите генерации, од причина што Гевгелија за првпат ќе добие спортска инфраструктура што претставува основа за развој на спортот. Исто така, од особено значење е за помладите, но и за рекреативците. Притоа, потенцираше дека во изминатиот период, Општина Гевгелија вложи доста во модернизирање на целата спортска инфраструктура. Со реализираните зафати значително се подобрени условите за спорт и рекреација на подрачјето на цела општина Гевгелија.

## Валентина Узунова и Методија Ичев на „Струмина треил“



Влентина Узунова и Методија Ичев учествуваа на трката „Струмина траил“ во Штип. На патеката долга 19 километри и висинска разлика од 950 метри, учествуваа 220 натпреварувачи од: Македонија, Шпанија, Велика Британија, Шпанија, Косово и САД. Валентина Узунова, која трчаше за поддршка на болните од пулмонална хипертензија, од 50 учеснички во својата категорија го освои првото место, додека во генерален пласман се пласираше на 20 место. Методија Ичев стигна на целта 68-ми од вкупно 170 натпреварувачи.

# „ГЕВГЕЛИЈА НА ТОЧАК“ ПРОСЛАВИ ПЕТ ГОДИНИ ЈУБИЛЕЈ

И годинава, спортско-рекреативната манифестација „Гевгелија на точак“, во организација на ЗГ „Чејнџмејкерс“ и „Гевгелија Точак Клуб“ од Гевгелија привлече голем број учесници. Над 1000 учесника на различна возраст, од младо до старо, продефилираа со велосипеди, низ улиците во Гевгелија. „Гевгелија на точак“ којашто се одржува по повод Денот на ослободувањето на Гевгелија - 7 Ноември, го одбележа петгодишниот јубилеј.

По дефилето, на Градскиот плоштад, беше одржан натпреварувачкиот дел од настанот во соработка со Атлетскиот клуб „7 Ноември“- Гевгелија, односно бавно возење. Голем интерес за учество на овој натпревар пројавија учениците од гевгелиските училишта, а нај-добар во бавното возење беше Александар Грујиќ од Гевгелија, за што беше награден со велосипед. Додека, на малите им беше овозможено да ја искажат својата творечка креативност со цртање.

На годинешната манифестација, присуствуваше и градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сараман-дов, кој го изрази своето задоволство од организацијата на настанот. По одржувањето на четвртото издание на трката “November Run”, градот ја продолжи спортската атмосфера со одржување на „Гевгелија на точак“.

- Ми беше чест да присуствувам на оваа спортска манифестација, којашто од година во година расте и прерасна во традиционален настан во нашиот град. На настанот учество заседоа и децата од основните




велосипедот како превозно средство, а не автомобилите, коишто со штетните издувни гасови ја загадуваат животната средина. На штафетното возење кое го нарековме „Гевгелија на Точак” учествуваа мајки и татковци со мали деца, тинејџери и тинејџерки, повозрасни сограѓани и сограѓанки. Тоа е традиција кај нас. Нема семејство, а да нема минимум два до три велосипеди, и за децата и за возрасните. Овде и старо и младо вози велосипед, истакна претседателот на Велосипедскиот клуб „Гевгелија Точак Клуб“, Никола Опров, кој ја предводеше колоната на гевгеличани, кои и овој пат покажаа дека секој може да вози велосипед, без разлика на возраста.

# Реконструирани спортските игралишта во Моин и Прдејци

Заврши реконструкцијата на спортското игралиште во дворот на Подрачното училиште во населеното место Моин. Предавањето во употреба на игралиштето беше одбележано со фудбалски натпревар помеѓу младите од Моин, во присуство на бројни гости, меѓу кои и градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов.



И, во Прдејци беше извршена реконструкција на училишното игралиште. Спортскиот терен во ПУ „Јане Сандански“ во Прдејци доби нова ергономска подлога, а се обнови и урбаната опрема, со што доби нов и современ лик. Покрај ова, неодамна во Прдејци, во близина на Младинскиот дом, беше изградено и ново катче за деца со виококвалитетни и безбедни реквизити, како и урбана опрема.

Во изминатиот период во Гевгелија и во населените



места, беа изградени и реконструирани 12 спортски игралишта, од кои 9 со поставена тартан подлога, 2 со вештачка трева и едно со пластична подлога. Изградени и реконструирани се: мултифункционалното игралиште во Давидово, мултифункционалните терени во спортскиот комплекс „ Касарна“ во Гевгелија, фудбалското и кошаркарско игралиште во дворот на ООУ „Крсте Мисирков“ во Гевгелија, фудбалско игралиште и кошаркарско игралиште во ООУ „Владо Кантарџиев“ во Гевгелија, кошаркарско игралиште „Сава Михајлов“ во Гевгелија и мултифункционалното игралиште во дворот на ООУ „Ристо Шуклев“ во Негорци.

## Новогодишен базар

Општина Гевгелија, и годинава, по вторпат, го организира Новогодишниот базар. Во периодот од 22 до 31 декември 2024 година на Градскиот плоштад во Гевгелија ќе бидат презентирани и понудени разновидни предновогодишни изработки и активности. За таа цел, Општина Гевгелија ги повика локалните институции, граѓанските здруженија и граѓаните да бидат дел од 2. по ред Новогодишен базар. Минатогодишниот Новогодишен базар на Градскиот плоштад во Гевгелија значително придонесе за збогатување и разубавување на предновогодишната атмосфера во градот.




## Промоција

Во Гевгелија се организираше промотивен тест на возење со електричен автобус ISUZU Novociti VOLT. Општина Гевгелија е една од општините што се вклучени во иницијативата на „АутоМакедонија“ АД Скопје и својата определба за поддршка на електричната мобилност. Целта на активноста е преку практична презентација на електричниот автобус на улиците во градот Гевгелија, граѓаните и Општината да добијат претстава за можностите што ги нуди овој еколошки автобус и неговите предности: 0% емисии на штетни гасови, ниска бучава, удобност и заштеда на гориво.




### Трибини за машкото и женското здравје

За прв пат, во Општина Гевгелија, по повод Ноември - месец на машкото здравје беше одржана Работилница за менталното здравје кај мажите што ја организираа Општина Гевгелија и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите во соработка со Здружението за психосоцијална поддршка „Санктум“. Целта на овој настан беше подигање на свеста кај машката популација за сопственото здравје, во прв ред, за ракот на репродуктивните органи и дебелото црево. Во октомври пак, по повод Месецот на женското здравје, беше организирана јавна трибина „Биди свесна, проверувај редовно“. За подигање на свеста кај жените за ракот на дојката и репродуктивните женски органи зборуваа д-р специјалист радиолог, Нако Поп-Ристов, д-р специјалист хирург, Зоран Димитров, д-р специјалист гинеколог, Петранка Никова и м-р по психолошки науки, Розита Андонова, а пред присутните премиерно беше прикажан краткиот видеофилм „... Преживеав“, во продукција на Општина Гевгелија и КЕМ, а реализиран во соработка со ЈЗУ Општа болница со проширена дејност- Гевгелија и ПЗУ „Хаџи-Николов“- Гевгелија. Во филмот учествува Светлана Стојковиќ, сценариото и режијата се на Петар Јанчев, заменик-координатор во Општина Гевгелија за ЕМЖМ, а видеото и неговата обработка на Васко Трајков.



## Безбедни училишта

Коалиција на младински организации СЕГА во партнерство со Македонскиот Центар за Граѓанско Образование, Прва Детска Амбасада во Светот МЕЃАШИ и СМАРТ АП - Лабораторија за социјални иновации, со поддршка од Детската Фондација Песталоци, го спроведува Проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, во 26 основни и 24 средни училишта во земјата. Проектот се спроведува и во ООУ „Крсте Мисирков“ и СОУ „Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија, а негова цел е да се придонесе кон остварување на правото на децата за квалитетно образование во безбедна и партиципативна училишна средина.



## Концерт за новото пијано



Во ООМУ „Васо Карајанов“ во Гевгелија е набавено ново пијано, што ќе придонесе во подобрувањето на квалитетот на музичката наобразба кај учениците по пијано и за концертните активности. По тој повод и за промоција на пијаното, се одржа Свечен концерт на којшто настапија поранешни ученици и професори по пијано: Благоја Стоев, Сања Миленковиќ, Владо Сапламаев, Глигор Гелебешев (соло) и во дует со Емилија Николовска (виолина), Мими Дучева, Никола Павлов и Александар Лазаров. Новото пијано е набавено од заштедените сопствени средства на Училиштето, како и со средства од Општина Гевгелија.

## Награди за „Мистик“




Танцовото студио „Мистик“ од Гевгелија направи „растур“ на Интернационалниот натпревар во танц “European championships 2024”, што се одржа во Темишвар, Романија. Во силна конкуренција со танцови клубови од 7 европски земји, во категоријата „Хипхоп“ голема група возрасни, „Мистик“ го освои прво место. Во истата категорија - јуниори го освоија 2. место, мала група - деца 1., соло деца 4., соло јуниори 2. и возрасни 3. место. Во категоријата “Street dance show”, „Мистик” во мала група - деца ги освои 1. и 2. место, возрасни 2. место и соло деца 4. место.

## Регионални фолклорни смотри



КУД „Негорци“ и годинава беше домаќин на Регионалните фолклорни средби на фолклорните друштва од Југоисточниот Регион. На оваа традиционална фолклорна смотра во Народниот театар во Гевгелија настапија 11 фолклорни друштва и ансамбли.

Со традиционални ора и песни на Регионалните смотри се претставија: ЗКУД „Негорци“- Негорци, Фолклорен ансамбл „Китка“- Истибања, КУД „Ефрем Каранов“- Кратово, Фолклорен ансамбл „Бојмија“- Гевгелија, КУД „Јане Сандански“- Ново село, КУД „Младост“- Јосифово, ЗФГ „Копачка“- Драмче, Делчево, АТМИ „Митко Алексов“- Кочани, Фолклорен ансамбл „Љупчо Санов“- Оризари, КУД „Вера Јоциќ“- Македонска Каменица и КУД „Кирил и Методиј“- Иловица.

## „Дон Кихот“ во Банско



Драмската група „Дон Кихот“ при СОУ „Јосиф Јосифовски од Гевгелија успешно се претстави на 27. Меѓународен уметнички фестивал „Утринска ѕвезда“ во Банско, Бугарија. Младите актери од Гевгелија на овој познат фестивал настапија со претставата „Буре Барут, на текст од Дејан Дуковски, во режија на Даниела Цишева и техничка обработка на Тони Аврамов. Дешифрирањето на текстот на Дуковски и режијата на Цишева го доловија секојдневието завиено со платното на насилството преку фантастичните улоги на членовите на „Дон Кихот“, а сето тоа визуелизирано преку мултимедијалноста што остави силен впечаток на жири комисијата. Затоа, беа оценети со висока оценка од стручното жири и ја добија втората награда.











ГЕВГЕЛИСКИ МАГАЗИН
Издавач Општина Гевгелија,
ул. „Димитар Влахов“ 4 Гевгелија
Тел/факс: 034/211211 | www.gevgelija.gov.mk | gevgelijainfo@gevgelija.gov.mk